РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3160/2

12-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријава со број 12-3160/1 од 04.07.2023 година, доставена од непознат подносител со наводи за перење пари и злоупотреба на службената положба и овластување, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување и истата да се препрати на надлежно постапување до Царинската Управа на РСМ.

Предметот со број 12-3160/1 од 04.07.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 11.06.2023 година преку on-line платформата ,,Пријави корупција,, до ----------------------------------------------, поднесена е пријава од анонимен подносител. ------------------------------------------- се повикувал на член 141 став 3 и 4 од Законот за спречување на перење пари и тероризам и пријавата ја доставил до ----------------------------------------- на РСМ, со укажување доколку утврди потреба за постапување согласно своите надлежности, да преземе мерки согласно законот и да ја известат за текот и исходот на постапката. ----------------------------------------- истата пријава ја препраќа на надлежно постапување до Нас.

Подносителот во пријавата наведува дека на -------------------- околу ------- часот, двајца
царински службеници, кои не се легитимирале на граничниот премин во -----------------, им побарале 200 евра под закана дека ќе му ги земат парите кои му се вишок. Подносителот во пријавата посоочува дека бил запознаен дека законски дозволени парични средства за носење во граничен премин му се само износ од 12 000 евра.

ДКСК внимателно ја разгледа пријавата и утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и истата ја доставува на надлежно постапување до Царинската Управа на РСМ и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**По овластување на член,**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**

Изработил: Ф.Ј., советник